Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dheInspektuese

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______
______20____ година viti ______ Потпис Nënshkrimi

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2025 ГОДИНА

Дел. бр. 57- 8922/3

Сабина Синан
[име и презиме]

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Датум: 14 .10.2024 г.

Место: Скопје (м.п.)

[потпис]

ниво на сектор, поединечно, прецизно и во точни износи.Расходите за дневници не се предвидени имајќи предвид дека истите не се предвидени, ниту со Законот за извршување на Буџетот за 2025 година.Надомест за хонорар за едно лице ангажирано со договор за дело, не е пресметан за 2025 г. со оглед на тоа што на 28.06.2024 г., од страна на Министерството, еднострано е раскинат Договорот за дело, склучен со надворешен соработник - ангажиран за извршување на работнтие задачи во инспекциската служба (заклучно со м. септември, 2024 г., Министерството нема ангажирано друго лице.

*Расходите за гориво за службено возило и патарини се пресметани врз основа на просек од трошоците направенизаклучно со м. октомври 2024 година, зголемени за процент на зголемување на цени на гориво, како и зголемување на износот за патарините, поради дополнителните наплатни пунктови (кон Штип и Гевгелија).

**Меѓународна соработка**

За 2025 година, во рамките на надлежностите на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам, не се планирани активности/проекти во областа на меѓународна соработка (усогласувања со директивите на ЕУ и слично).

**Други активности на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура во 2025 година**

Со цел обезбедување на соодветна поддршка за навремена реализација на Планот за работа за 2025 година и зголемување на ефикасноста на инспекцискиот надзор на целата територија на РСМ, во инспекциската служба на МКТ покрај претходнитеунапредувања на дел од постојниот кадар, вработените во Секторот, исто како и за периодот од 2020 од 2024 г., имаат потреба од соодветни обуки, особено од аспект на примена на процедуралните прописи (ЗОУП, ЗП, ЗОУП), набавка на нова техничка опрема (лаптоп, скенер и принтери), како и уште едно ново возило (забелешка: поради дотраеноста на службеното моторно возило, што го користат инспекторите за култура, во текот на годината возилото, во просек се сервисира од два до три пати).

Раководител на Сектор

Сабина Синан

Доставено до: Инспекциски совет на РСМ, Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dheInspektuese

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2025 ГОДИНА


**Резиме**

**Анализа на ризици**

И во текот на 2024 г.,државата и граѓаните на РСМ беа соочени со предизвиците и последиците од економски и социјален аспект, настанати одсветската безбедносна иенергетска криза, а коишто како и во претходниот временски период доведоа до рестрикции на буџетските средства на Министерството за култура и туризам за одделни расходи (обуки, нови вработувања, набавка на ново возило). Во рамките на Проектот на Европската банка за обнова и развој, донесена е Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата бр. 57-5108/2 од 29.04.2021 г., чиишто резултати се земени при подготка наГодишниотплан за работа за 2024 г., со процент среден и висок ризик за


| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. бр. | **57- 8922/** | | Сабина Синан<br>[име и презиме] |
| Датум: | **.10.2024 г.** | | Раководител на Сектор-главен инспектор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | **Скопје** | (м.п.) | <br>[потпис] |

редовнитеинспекциски надзори. Согласно со последните изменувања и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа (објавени во „Сл. весник на РСМ“ бр. 121/24), се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерството за култура, продолжи да работи како Министерство за култура и туризам, штоможе во 2025 г. дапредизвикаат и дополнителни надлежности на Секторот.

**Организација и раководење**
Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура и туризам, ги вршат инспектори за култура при организациската единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија, со вработени вкупно 5 (пет) извршители – инспектори за култура (без друг административен кадар), со овластувања за целата територија на РСМ.

**Инспекциски надзор**
Со Годишниот план за 2025 г., предвидени се вкупно 80 инспекциски надзори, од кои 22 редовни, 38 вонредни и 20 контролни и тоа од аспект на примена на Законот за културата - 25 надзори, кај национални установи од областа на културата (од кои 7 редовни - со коефициент на сложеност 5, 13 вонредни и 5 контролни - со коефициент на сложеност 4), и 35 надзори, кај други правни и физички лица - корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам (од кои 25 вонредни надзори - со коефициент на сложеност 3 и 10 контролни надзори - со коефициент на сложеност 2), како и 20 надзори од аспект на примена на другите посебни законски и подзаконски прописи од областа на културата, од кои 15 редовни инспекциски надзори (5 надзорипо Законот за музеите- со коефициенти на сложеност4 **и** 10 надзори по Законот за издавачката дејност - со коефициент на сложеност 3**),** и 5контролниинспекциски надзори, со коефициентите на сложеност Q 2 или 3, а со вкупно 20 неправилности.

**Обука на инспекторите и административните службеници**
Согласно со член 50 став (1) од Законот за инспекциски надзор, за инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам за 2025 г.,донесени се Годишната програма за специјализирана обукана инспекторите за култура бр. 57-8163/1 од 10.09.2024 г.и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за култура бр. 57-8163/2 од 12.09.2024 г., со следните генерички обуки: Канцелариско работење, архивско работење - Уредба за канцелариско и архивско работење (тема 1.5.), Спречување на корупција (тема1.13.), иПријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка (тема 1.16.).

**Буџет и финансирање**
Секторот за управен и инспекциски надзор, како организационата единица во рамките на Министерството, нема сопствен буџет, туку платите и другите расходи ќе се намируваат од средствата од Буџетот на РСМ за 2025 г., наменети за работата на Министерството за култура и туризам. Во Годишниот план за работа, се дадени информации за планираниот дел од Буџетот за 2025 г., за инспекциската служба според главните категории на расходи (бруто плати, гориво, патарини), во вкупен износ од 5.069.500денари.

**Меѓународна соработка**

За 2025 г., како и до сега во рамките на надлежностите на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ, не се планирани активности/проекти во областа на меѓународна соработка (усогласувања со директивите на ЕУ,...).

**Други активности на Секторот за управен и инспекциски надзор во 2025 г.**
Со цел обезбедување соодветна поддршка за навремена реализација на Планот за работа за 2025 г. и зголемување на ефикасноста на инспекцискиот надзор на целата територија на РСМ,инспекторите имаат потреба од стручни обуки за процедурални закони, како и набавка на техничка опрема (лаптоп и скенер), и уште едно возило(забелешка: поради дотраеноста на службеното моторно возило, што го користат инспекторите за култура, во текот на годината возилото, во просек се сервисира од два до три пати), како и ангажман на едно надворешно лице со договор за дело (забелешка: на 28.06.2024 г., од страна на МКТ, еднострано е раскинат Договорот за дело, склучен со надворешен соработник, ангажиран за извршување на работнитее задачи во инспекциската служба, додека заклучно со м. септември, 2024 г., не е ангажирано друго лице).

**Анализа на ризици**
И во текот на 2024 г.,државата и граѓаните на РСМ беа соочени со предизвиците и последиците од економски и социјален аспект, настанати одсветската безбедносна иенергетска криза, а коишто како и во претходниот временски период доведоа до рестрикција на буџетските средства на Министерството за култура и туризам, за одделни расходи (обуки, нови вработувања, набавка на ново возило), со исклучок што во м. јануари 2023 г., за потребите на вработените во Министерството за култура, вклучително и инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор е набавена нова ИТ опрема (вкупно 5 персонални компјутери и еден мултифункционален принтер).

Во 2021 г., од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерствотоза култура согласно со член 32 став (1) од Законот за инспекциски надзор, а врз основа на Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик („Сл. весник на РСМ“ бр. 247/19), донесен од Инспекцискиот совет, а по спроведената едномесечна стручна обука во рамките на Проектот на ЕБРД (Европска банка за обнова и развој), донесена е Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата со бр. 57-5108/2 од 29.04.2021 г., по којашто на 28.05.2021 г., од страна на Инспекискиот совет е дадено позитивно мислење. Со Методологијата, е пропишан начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на инспекторите за култура, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите од областа на културата, како и другите субјекти, за работите од културата.

Оттука, резултатите од Методологијата се земени во предвид при подготвувањето на Годишниот план за работа на Министерството за култура и туризам - Сектор за управен и инспекциски надзор за 2025 г., конкретно за редовните инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата, Законот за музеите и Законот за издавачката дејност, со подзаконските прописи (напомена: за прв пат резултатите од Методологијата се земени во предвид при подготвувањето на Годишниот план за работа за 2022 година).

Во меѓувреме, согласно со последните изменувања и дополнувања наЗаконот за организација и работа на органите на државната управа (објавени во „Сл. весник на Република Северна

Македонија“ бр. 121/24),се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерствотоза култура, продолжи да работи како Министерство за култура и туризам,штоможе во 2025 г., да предизвикаат и дополнителни задачи за инспекторите за култура.
Методологијата не се применува за вонредните инспекциски надзори, коишто се вршат врз основа на поднесените иницијативи од страна на другите сектори во Министерството за култура, преку коишто се врши финансирање на проектите и програмите од националниот интерес во културата, потоа други подносители (физички или правни лица - органи на државната или локалната власт, Основното јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, ...), како и по налог на Инспекцискиот совет или писмена наредба на министерот, односно раководното лице согласно со член 71 од Законот за инспекциски надзор. Истото се однесува и на контролните инспекциски надзори, по коишто инспектор постапува по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт (решение за опомена или наредба за отстранување на недостатоци), со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил, непостапил или делумно постапил по инспекцискиот акт, донесен при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор согласно со Законот за културата и член 76 од Законот за инспекциски надзор. Според Методологијата веројатноста за случување на штетни последици е проценета врз основа на определени критериуми, а вредностите на критериумите се искажани во бодови, односно за секој критериум е доделен определен број на бодови. При процена на ризик, за секој критериум е утврден број на бодови кои се собрани и е добиена вкупна нумеричка вредност која е дефинирана дали спаѓа во мал, среден или висок ризик.

Утврдување на елементот веројатност за настанување на штетни последици е вршена преку мерење на следните пет специфични елементи:
1. Претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, со утврден историјат на најдени неусогласености, прекршоци или кривични пријави, вид и број на изречени мерки против субјектот.
2. Стандарди и други документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има воведени релевантни стандарди, врши редовна ресертификација.
3. Системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има развиени пишани процедури за работа сопствена внатрешна контрола на работењето, задолжени лица за контрола, редовна евиденција и записници и сл.
4. Состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област, трендови, компаративна состојба со слични земји, добри пракси од други земји.
5. Внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

Така, на начин утврден со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, а врз основа на податоците и документацијата за „висината на доделените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ за 2024 г. - спецификација на расходи, бројот на вработени – платни списоци“,регистрите и евиденциите, што ги води Секторот за управен и инспекциски надзор, за сите спроведени инспекциски надзори и преземените управно-надзорнимерки од страна на инспекторите за култура, почнувајќи од 2016 г., заклучно со септември 2024 г., како и евиденцијата за спроведените постапки за порамнување и издадените прекршочни налози, со размена и добивање на потребните податоци од евиденциите на други државни органи и институции, како и од национални установи од областа на културата, извршена е соодветна

анализа на проценката на ризик при планирање на редовните инспекциски надзори во областа на културата и избраните субјекти на надзорот, во конкретниот случај национални установи од областа на културата и тоа пред се од аспект на примена Законот за културатаи Законот за музеите, со повеќе подзаконски прописи. При тоа, дел од предвидените субјекти на надзорот – национални установи, се пренесени од Годишниот план за работа, на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г., односно кај истите не беа извршени, односно до крајот на годината нема да бидат извршени планираните редовни инспекциски надзори поради издадени и најавени наредби од страна на министерот за култура и туризам(приоритетни), за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културатана целата територија од Републиката (или кај дел од предвидените национални установи, но како субјекти на вонреден надзор), и тоа исклучиво од аспект на примена на Законот за културата – со коефициент на сложеност 4, почнувајќи од м. јули, 2024 г. (во периодот од м. јули до м. септември, 2024 г., издадени се вкупно 12 наредби).

Како и во претходниот времнски период, останува проблем поради неусогласеноста на дел од материјалните закони од областа на културата, во делот на прекршочните одредби, кои според законската обврска требало од страна нс Министерството, да се извршат во рок од 6 (шест) месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ" бр. 96/19 од 17.5.2019 г.), како и поради неусогласеноста со Законот за инспекциски надзор, а што претставува ризик во однос на санкционирањето.

Во таа смисла е утврден и висок ризик во однос на спроведување на одделни одредби од Законот за културата и Законот за филмската дејност, коишто се уште не се усогласени со новиот Закон за прекршоците, а за коишто воопшто не е предвиден прекршок или друг вид на санкција, ниту стриктна надлежност на инспекторите за култура за постапување по истите, односно преземање на инспекциски мерки и тоа за прекршок „утврден со законот", инспекторот на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, пред да биде поднесено барање за поведување прекршочна постапка согласно со Законот за прекршоците (како на пр. за одредби во однос на постапката за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност, којашто во целост ја спроведува Агенцијата за филм на РСМ, преку Управен одбор, Филмски совет, филмски рецезенти, филмски советници и други надворешни соработници, а со којашто раководи директор и управува управен одбор, избрани од Владата на РСМ, постапка за именување на вршител на должност директор и избор на директор на национални и општински (локални) установи од областа на културата, од страна на министер за култура, односно градоначалник, распишување конкурс за избор на директор итн).

Понатаму, како и вопретходниот временски период утврдено е дека ризикот во неприменувањето на Законот за културата, како системски пропис од областа на културата, постои не само кај корисници на средствата од Буџетот на РСМ, односно кај физички лица (уметници) и правни лица, што се финансираат со средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ (забелешка: како и до сега дел од субјектите на надзорот ќе бидат утврдени дополнително во текот на 2025 г., врз основа на поднесените иницијативи), но и кај дел од националните установи и тоа главно поради недостиг на соодветен стручен кадар (особено во областа на заштита на културното наследство, односно дејностите - заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители и музејска дејност), недостиг на потребните финансиски средства за доследна примена на законските и подзаконските прописи (евиденција на движното културно богатство и преземање мерки за неговата превентивна и трајна заштита, спроведување на редовни ревизии...), а во одредени случаи нецелосна или делумна нереализација на финансираните проекти/програми и трошење над одобрените и преведените

средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ од страна на одделни корисници, како и преземање на обврски над одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, при што моменталната состојба е влошена поради долгогодишната криза на светското ниво во сите области.

Оттука, проценето е дека поради среден или висок степен на ризик има потреба за вршење на (зачестени) редовни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата, кај одредени национални установи, особено оние што се со поголем прилив на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ или подолг временски период не се вршени инспекциски надзори.

Исто така, и за 2025 г. е проценето дека поради среден и висок степен на ризик има потреба за вршење на зачестени редовни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за музеите, со повеќе подзаконски прописи, кај одредени национални установи –заводи/музеи,но и кај оние установи каде што според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор, подолг временски период не се вршени инспекциски надзори, при што два субјекти, се пренесени од Годишниот план за работа, на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г., односно кај истите  не беа извршени, односно до крајот на годината нема да бидат извршени планираните редовни инспекциски надзори, поради издадени и најавени наредби од страна на министерот за култура и туризам (приоритетни), за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културата на целата територија од Републиката, од аспект на примена на Законот за културата.

Исто така, проценето е дека има потреба за вршење на редовни инспекциски надзори и од аспект на примена на Законот за издавачката дејност, со повеќе подзаконски прописи, кај новоформирани издавачки куќи и кај коишто, од таа причина претходно не е вршен воопшто инспекциски надзор или не е вршен надзорот подолг период (конкретно од 2020 г.), со што овие надзори се рангирани во групата со среден ризик.

Како и за претходниот период, имајќи ги предвидгоренаведените причини (особено проширените надлежности на Министерството), истите може да имаат одредено негативно влијание насостојбите со проценетите ризици за 2025 година**.**

**Организација и раководење**
Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура и туризам, ги вршат инспектори за култура при организациската единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со вкупно 12 систематизирани работни места и вкупно 12 извршители, од кои моментално 5 (пет) работни места се пополнети со вкупно 5 (пет) извршители и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), 2 виши инспектори (од кои еден дипл. правник и еден дипл. економист), 1 советник – инспектор (дипл. економист), и еден соработник за обработка на податоци во функција на надзор – помошник инспектор(дипл. правник), додека друг кадар вработен или времено ангажиран во Секторот нема веќе подолг временски период иако за истото има потреба (забелешка: самостоен референт за техничка обработка на документација, со работни задолженија за водење на инспекциска евиденција, архивирање и други административни задачи, за потребите на инспекциската служба, почнувајќи од 01.06.2023 г., не е во работен однос и ова работно место, се уште не е пополнето, додека на 28.06.2024 г., од страна на Министерството, еднострано е раскинат Договорот за дело, склучен со надворешен соработник, ангажиран за извршување на работнитее задачи во инспекциската служба, а заклучно со м. септември, 2024 г., не е ангажирано друго лице).

Согласно со член 31 став (4) алинеа 2 и член 33 од Законот за инспекциски надзор(„Сл. весник на РСМ“ бр. 102/19) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Сл. весник на РСМ“ 238/19), предвидено е директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од Законот, да донесе Годишен план за работа на инспекциската служба, којштo во законски предвидениот рок, односно најдоцна до 15. ноември, треба да биде доставен на согласност до Инспекцискиот совет на РСМ, во електронска и хартиена форма.Раководниот инспектор и во 2024 г., покрај вршење инспекциски надзори, како и организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување, предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање, надзор над реализација на програмата, стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата, преписка со Инспекцискиот совет на РСМ, ОЈО, Народен правобранител на РСМ, Државната комисија за спречување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барања на податоци, мислења и појаснувања упатени до СУИН на МКТ, но и до другите сектори во МК), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, одговори по новинарски прашања, претставки, барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и друго, ќе врши и преписка со Државното правобранителство на РСМ, којштo е застапник по закон на МКТ пред судските органи, во коишто МКТ е тужител или тужен, по различни основи (работни односи, должничко-доверителски односи, стечајни побарувања,...).

Имено, согласно со Решението бр. 44-7916/1 од 29.7.2020 г., донесено од тогашниот заменик – министер за култура и Решението бр. 44-10269/1 од 7.10.2020 г., донесено од тогашната министерка за кутура, раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор за култура е определен за одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за одговорно службено лице за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, што негативно влијае на вкупната бројка на инспекциски надзори, особено надзори со повисок коефициент на сложеност, а поради што константно се намалува и планиранатавкупна бројка на инспекциски надзори во годишите планови за работа на Секторот, почнувајќи од 2020 година.

При тоа, дел од работните задачи, како што се, пред се преписка со Инспекцискиот совет и други органи на државната управа (особено со МВР, како и со други инспекциски служби, коишто препраќаат претставки, иницијативи и други барања, на надлежност на инспекторите за култура, иако дел од истите не се во надлежност на инспекторите), ќебиде распоредувана за работа на другите инспектори во Секторот.

**Табела 1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2025 година, по вид, возраст и звање**

| Вид | **Инспектор за култура** [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | 1 | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| В1 – советник инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор* | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 5 |

**Табела 2. План за нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025година***

| Вид | Инспектор за култура [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Според податоците добиени од Одделението за човечки ресури на Министерството за култура и туризам согласно со член 20-б од Законот за вработенитево јавниот сектор со Допис бр. 04-7946/3 од 30.08.2024 г., од Министерството за финансии е побарано мислење и согласност по Годишниот план за вработување на Министерството за култура и туризам за 2025 г., со којшто се побарани вкупно 13 нови вработувања и вкупно 18 унапредувања според звањата, но по однос на коешто од надлежното Министерство за финансии, не е добиена потребната согласност. Во тек е ревидирање на Годишниот план за вработување на Министерството за култура и туризам за 2025 година.

Инаку, уште во м. мај. 2023 г., по писменото барање на Одделението за човечки ресури на МК, од страна на Секторот за управен иинспекциски надзор е изработена и доставена до Одделението за човечки ресури кратка Анализа на кадарот во Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, за суфицитарен, односно дефицитарен кадар, заведена под дел. бр. 57-5943/1 од 30.05.2023 година. Имено, според предметната Анализа имајќи го предвид сегашниот број на вработени во Секторот, односно 5 извршители – инспектори за култура,коиштосе надлежни да вршат инспекциски надзор над спроведување на вкушно 8 законски подзаконски прописи за целата територија на РСМ (забелешка: од м. јануари, вкупно 7 закони), како и дополнителните работни обврски,ниту еден извршител или работните места, со исклучок за работното место „советник – инспектор за управен надзор“ – еден извршител, доколку би се прифатиле предложените измени за укинување на ова работно место во делот за Одделението за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), не е суфицитарен, напротив Секторот има потреба од минимално уште 3 извршители и тоа исклучиво 2 дипл. правници (од кои еден задолжително, ќе помага за предметите од надлежност на Државното правобранителство на РСМ) и еден дипл. економист (којшто е дефицитарен кадар во моментов), со предлог за зголемување на бројот на извршители за работното место „советник – инспектор за надзор над наменското користење на буџетски средства“ (двајца извршители, наместо постојниот еден извршител).

## Инспекциски надзор

Заклучно, со м. септември 2024 г., со исклучок на 7(седум) од планираните редовни инспекциски надзорисогласно со Годишниот план за работа, на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г**.,** по Законот за културата, кај национални установи од областа на културата – единки корисници на средствата од Буџетот на РСМ (субјекти на надзорот-4 установи од Скопје, по една од Струга, Тетово и Гевгелија), неизвршени порадиизадедени наредби од страна на министерот за култура и туризам (приоритетни), за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културата, на целата територија од Републиката, исклучиво од аспект на примена на Законот за културата – со коефициент на сложеност 4 (во периодот од м. јули до м. септември, 2024 г., издадени се вкупно 12 наредби), како и дваод планираните редовни инспекциски надзорисогласно со Годишниот план за работа, на МК, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г**.,** по Законот за музеите и подзаконските прописи (субјекти на надзорот - национални установи од Скопје и Битола), но и планираните 5 (пет) редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за употребата на македонскиот јазик, останатите редовни инспекциски надзори кај планираните вкупно 11 субјекти на надзорот (од кои 5 издавачки куќи, по Законот за издавачката дејност, 3 национални установи - по Законот за културата-при што кај две национални установи, наместо редовни се извршени вонредни инспекциски надзори, поради веќе издадени наредби од страна на министерот за култура и 3 музеи/заводи по Законот за музеите), се реализирани.

Имено, планираните 5 (пет) редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за употребата на македонскиот јазик, не се реализирани поради оправдани причини, имајќи предвид дека,во меѓувреме, од страна на Собранието на РСМ, на седницата одржана на 26. јануари 2024 г., е донесен новиот Закон за употребата на македонскиот јазик и истиот е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 21/2024 од 29.01.2024 година. Согласно со член 42 од истиот Закон, е утврдено дека со влегување во сила на овој закон, односно осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ“, односно 06.02.2024 г. „престанува да важи Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на РМ” бр. 98/2005, 89/2008, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17)“, а согласно со којшто беше предвидена надлежноста на Министерството за култура, прекуинспекторите закултура, да вршат инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон (член 12), односно со престанок на важењето на стариот Закон за употребата на македонскиот јазик од 1998 година, престана и надлежноста на инспекторите за култура, за вршење инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од истиот Закон, додека согласно со член 22 став (1) од новиот Закон, надлежноста за вршење на работите за инспекциски надзор над примената на одредбите на овој Закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, премина кај *инспектори за македонски јазик*, на Инспекторатот за употреба на македонскиот стандарден јазик, предвиден како орган во состав на Министерството за култура (и туризам), со својство на правно лице. Согласно со член 43 од новиотЗакон за употребата на македонскиот јазик, е предвидено дека одредбите од членовите 22 до 31 од овој закон, со коишто, меѓудругото е уредена работата на инспекторите за македонски јазик и на директорот на Инспекторатот, ќе започнат да се применуваат со денот

на започнувањето со работа на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, односно со денот на именувањето на директорот на Инспекторатот од страна на Владата на РСМ, којшто има обврска да ги донесе актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Инспекторатот, најдоцна 15 дена од денот на неговото именување.По донесувањето на новиот Закон за употребата на македонскиот јазик, се уште не е избран директор на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, а инспекторите за култура немаат надлежност за постапување по поднесените претставки.

За 2024 г. е надминат планираниот број на инспекциските надзори и управно-надзорните мерки/неправилности (забелешка: заклучно со м. септември, 2024 г., од планираните 75 надзори за 2024 г., реализирани се вкупно 89 надзори (од кои 8 редовни, 60 вонредни и 21 контролни), а од планираните 25 неправилности, утврдени се неправилност кај вкупно 41 субјект на надзорот-издадени решенија со наредба/опомена, платни налози, поднесени прекршочни барања и вратени парични средства во Буџетот на РСМ (поради нереализирани проекти, непризнаени трошоци при надзорот или невратени непотрошенисредства), и покрај состојбата со кадровските ресури –само 5 (пет) инспекториза култура, надлежни за целата територија на РСМ (од кои еден помлад инспектор, којшто има законски овластување да врши надзори само со понизок степен на коефициент на сложеност 1, 2 и 3), потоа техничкитересурси, односно лошата состојба на службеното возило, коешто го користат инспекторитеза култура, дополнителните работни задолженија на главниот инспектор – одговорно службено лице во МКТ, за контакт и водење на предмети од надлежност на Државно правобранителство на РСМ, барањата од Инспекцскиот совет, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на РСМ, Министерството за внатрешниработи, Биро за јавна безбедност, ОЈО и други органи на државната управа(напомена: со Годишниот план за 2024 г., предвидени се вкупно 75 инспекциски надзори и тоа од аспект на примена на Законот за културата- 20 надзори, кај национални установи од областа на културата, по коефициентите на сложеност Q 4 и 5 (од кои 10 редовни, 5 контролни и 5 вонредни), и 30 надзори, кај други правни и физички лица, како корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК (од кои 20 вонредни надзори по Q 3 и 10 контролни надзори по Q 2), како и од аспект на примена на другите посебни законски и подзаконски прописи од областа на културата - 25 надзори, од кои 15 редовни инспекцискинадзори (5 поЗаконот за музеите, 5 по Законот за издавачката дејност и 5 по Законот за употребата на македонскиот јазик), и 10 контролни инспекциски надзори - со коефициентите на сложеност Q 1, 2, 3 и 4 и со вкупно 25 неправилности).

Оттука, при определувањето на минималните квантитативни цели за 2025 г., односно бројот на редовни, вонредни и контролни надзори, како и бројот на неправилности, предвид е земан вкупниот број на извршени инспекциски надзори, како и изреченитеуправно – надзорни мерки. заклучно, со м. септември во 2024 г., при штопланираниот број на надзори за 2025 г. (вкупно: 80),ќе биде минимално зголемен во однос на бројот на надзори согласно со Годишниот план за работа за 2024 г. (вкупно 75), пред се порадифактот дека во подолг временски период воопшто не е зголемен бројот на инспекторите за култура (вкупно 5 за целата територија), дотраеното службено возило на инспекциската служба, необезбедени стручни усовршувања и обуки за инспекторите, како и долгогодишните дополнителни работни обврски на дел од инспекторите,

за што има потреба од итни измени на постојниот Правилник за ситематизација на работните места во Министерството, во делот на инспекциската служба.

Предвид треба да се имаат последните изменувања и дополнувањана Законот за организација и работа на органите на државната управа (објавени во „Сл. весник на РСМ“ бр. 121/24),**со** коишто се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерството за култура, продолжи да работи како Министерство за култура и туризам. Имено, согласно со изменувањата и дополнувањата на членот 26 од Законот, надлежноста на Министерството се проширува и со: интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности; развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот; промоцијата на туризмот во земјата и во странство; подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи и истражувањето на туристичкиот пазар, развој на туристички информациски систем и *условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции*“. Од формално-правен аспект се уште не е утврдено дали предметните изменувања и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно проширената надлежност на Министерството и во областа на туризмот (и угостителството), ќепредизвикаат и дополнителни надлежности на инспекторите,ново тек е изработка на новиот акт за систематизација на работните места во Министерството за култура и туризам, како и Законот за културата.

Оттука, како и за периодот од 2021 до 2024 година,како ризични подрачја, кои ќе бидат предмет на инспекциските надзори во 2025 г. од областа на културата се дефинирани дејностите за објавување надела од областа на уметничкото творештво и заштита и користење на материјалното движно и недвижно творештво,односно културното богатство (субјекти на надзорот-национални установи, коишто вршат музичка дејност, сценско-уметничка дејност,фолклорна и сценско – уметничка дејност, драмска дејност, визуелни уметности, архитектура и дизајн,заштита на движно и недвижно културно наследство, со забелешка дека сујектите **се**пренесени од Годишниот план за работа, на МК, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г., коишто не беа реализирани, односно нема да бидат реализирани до крајот на 2024 г., пред се порадиизадени вкупно 12 наредби и најавени наредби од страна на министерот за култура и туризам-приоритетни, за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културата на целата територија од РСМ и тоа од аспект на примена на одредбите од Законот за културата(„Сл. весник на РМ" бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18)**.**

Имено, од аспект нанаменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку МКТ согласно со годишната програма за финансирање на проекти/програма од национален интерес во културата восите дејности и тоа за тековната 2024 година (рокот за реализација на проектите/програмата е заклучно со м. декември, 2024 г.), потоа од аспект на исполнување на останатите обврски по истиот Закон (доставување до МКТ на извештаи за финансиско работење и за остварување на годишната програма, донесување на нацрт и годишна програма за работа, работата на управните одбори, споведување постапки за аудиција при вработување на уметници-даватели на јавни услуги во културата и други прашања), планирано е вршење на редовни инспекциски надзори кај дел од националните установи од областа на културата на

целата територија на РСМ(центри за култура, библиотеки, театри, музеи, заводи за заштита на спомениците на културата).

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ, во последните три до пет години, кај планираните правни субјекти – национални установи (согласно со Годишниот план за работа за 2024 г.), не се вршени инспекциски надзори по основ на Законот за културата, а поради одделни причини-ненамирени обврски, нереализирани проекти, промени на директори/в.д. директори и слично, има потреба од вршење редовни инспекциски надзори.

Додека, кај локалните установи (општинско-градски, основани од единиците на локалната самуправа, на целата територија на РСМ,што се регистрирани за вршење на дејности од областа на културата, од аспект нанаменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку МКТ и за што со локалните установи се склучени договори за учество во финансирање проекти од национален интерес (особено поради досегашните износи на одобрените буџетски финансиски средства преку МКТ и одобрените за програмата 2023 г., главно за библиотечната и галериската дејност), планирано е да бидат вршени само вонредниинспекциски надзори (согласно со поднесените иницијативи или врз основа на писмен налог на Инспекциски совет или наредба на министерот согласно со Законот за инспекциски надзор).

Како второто ризично подрачје коешто е планирано да биде предмет на инспекциски надзори во 2025 г., исто така е од аспект на примена на одредбите од Законот за културата и тоа стриктно само за обврската на корисниците за наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам и доставување на наративни и финансиски извештаи за реализација на проекти, но кај приватни правни лица (здруженија на граѓани-театри, фестивали, ансамбли, манифестации ...), ифизички лица (уметници), чие работење подлежи на надзор согласно со прописите од областа на културата, за работи од културата, но изрично само со планираните вонредни (и контролни) инспекциски надзори (согласно со поднесените иницијативи или врз основа на наредби на министерот согласно со Законот за инспекциски надзор), имајќи предвид дека поголем дел од планираните редовни инспекциски надзори за 2023 г., кај други корисници по Законот за културата, во првиот квартал од 2023 г. беа повлечени за вршење надзор, од страна на Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК, иако субјектите беа предложени од нивна страна за надзорза 2023 г., поради во меѓувреме преведените средства согласно со склучените договори за учество за финансирање на проекти од областа на културата за 2023 година.

Покрај избраните 7 (седум) национални установи(со седиште во Скопје, Тетово, Гевгелија и Струга, со проценет висок и среден степен на ризик согласно со Методологијата), за вршење редовни инспекциски надзори во 2025 г., од аспект на примена на Законот за културата, другите правни и физички лица (уметници), корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТќе бидат определувани дополнително, односно во текот на 2025 г., врз основа на поднесени иницијативи до СУИН на МКТ од страна на надлежните сектори во МКТ, преку коишто се врши финансирање и надзор над реализација на проектите (Сектор за заштита на културното наследство, Сектор за дејностите од областа на културата и уметноста, Сектор за

книга, Сектор за меѓународна соработка и УНЕСКО...), како и од други правни и физички лица (по службена должност), и по наредба на министерот за култура и туризам.

Имено, имајќи предвид дека согласно со член 66 од Законот за културата, проектите финансирани со средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ кај поголем дел од корисниците, се уште не се завршени или се во тек, односно истите се со обврска за реализирање, заклучно со 31.12.2024 г., се уште не може да се утврди кај кои правни и физички лицаи во кои региони/општини ќе има потреба да бидат извршени вонредни инспекциски надзори во 2025 г. од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, а доколку се определат во тековната година (како што е направено за одделни корисници со Годишниот план за работа за 2023 г.), постои реален ризик кај истите да не бидат утврдени неправилности, односно да нема ненаменското трошење на средствата од Буџетот на РСМ, а во услови на ограничени кадровски ресурси на инспекциската служба во МКТ, одлучено е кај други корисници во 2025 г., да се вршат само вонредни (и контролни) инспекциски надзори, по поднесени предлози/иницијативи во текот на 2025 година.

Покрај горенаведеното (приоритетно) подрачје, односно вршење инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата, кај национални установи (редовни, вонредни и контролни), и кај други субјекти-корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ (вонредни и контролни), како трето ризично подрачје се утврдени други подрачја во областа на културата (повторно приоритетно заштита и користење на материјалното недвижно/движно и духовното творештво - културно богатство и издавачка дејност), при што кај дел од националните установи и други правни и физички лица, покрај вршење на редовни и контролни надзори (во врска со надзорите извршени исклучиво во текот на 2024 г.), ќе бидат вршени и вонредни инспекциски надзори (врз основа наподнесени иницијативи, како и евентуално по писмен налог на Инспекциски совет и наредба од министеротсогласно со Законот за инспекциски надзор), и тоа од аспект на примена на следните 7 (седум) посебни законски прописи: Закон за библиотеките („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и 122/21), Закон за музеите („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), Закон за филмската дејност („Сл. весник на РМ" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18), Закон за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 152/15 и 46/21).

При тоа, со Годишниот план за работа за 2025 г., избрани се вкупно 15 правни лица, над чиешто работење ќе бидат извршени редовни надзори од аспект на примена на Законот за музеите (вкупно:5) иЗаконот за издавачката дејност(вкупно: 10), со повеќе подзаконски прописидонесени врз основа на овие два материјални закони,а кај коишто досегане се вршени или подолг временски период не се вршени инспекциски надзори или претходно се утврдени недостатоци воработењето, со вкупно планираните 5 (пет) контролни инспекциски надзори.

Додека,од аспект на примена на Законот за аудиовизуелните добра („Сл. весник на РМ" бр. 103/08, 47/11, 51/11 и 154/15, 39/16 и 220/18), по којшто не се планира да се вршат инспекциски надзори поради постоење на само една (матична) установа од оваа област – НУ - Кинотека на РСМ -Скопје, а во којашто во 2021 г., е извршен еден вонреден инспекциски надзори, по

поднесената иницијатива и претходно редовен инспекциски надзор за водење на евиденцијата на аудиовузелните добра согласно со овој Закон и подзаконските прописи.

**Табела3: Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини**

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 1 | Велес | | 1 | | 1 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | **0** | **1** | **1** | **2** | **0** |
| 10 | Берово | | | | 0 | |
| 11 | Виница | | | | 0 | |
| 12 | Делчево | | | | 0 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | 1 | 1 | 2 | |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | | | | 0 | |
| | Југозападен регион | **1** | **4** | **0** | **5** | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | 1 | | 1 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 1 | | 1 | 1 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 1 | 2 | | 3 | 1 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | **1** | **2** | **0** | **3** | **1** |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | | | 0 | |
| 34 | Гевгелија | 1 | | | 0 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | | 2 | | 2 | 1 |
| | Пелагониски регион | **1** | **5** | **2** | **8** | **3** |
| 40 | Битола | 1 | 4 | 2 | 7 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | | 0 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | 1 | | 0 | 1 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | **3** | **8** | **5** | **16** | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | 3 | 1 | 4 | 1 |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 3 | 5 | 4 | 12 | 3 |
| | Североисточен регион | **1** | **2** | **1** | **4** | **1** |
| 58 | Кратово | | | | 0 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | **15** | **15** | **11** | **41** | **9** |
| 64 | Аеродром | 1 | | | 1 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | 1 | | 1 | 2 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |
| 68 | Ѓорче Петров | | 1 | | 1 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | | | 0 | |
| 71 | Карпош | 1 | 2 | | 3 | |
| 72 | Кисела Вода | | 1 | 1 | 2 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | 2 | 1 | 3 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 10 | 6 | 3 | 19 | 7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 78 | Чаир | 2 | 3 | 5 | 10 | 2 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| ВКУПНО | | **22** | **38** | **20** | **80** | **20** |

*Забелешка:правните и физичките лица, над чиешто работење ќе бидат вршени вонредни и контролни инспекциски надзори од аспект на примена на материјалните закони од областа на културата, прецизно ќе бидат утврдени дополнително во текот на 2025 г., при што со месечните планови за работа на СУИН на МКТ, ќе бидат допрецизирани и региони/општини, во коишто е лоциран објектот, кој е предмет на инспекциски надзор. При определувањето на минималните квантитативни цели за 2025 г., односно бројот на вонредни и контролни надзори, како и неправилности, предвид е земан вкупниот број на извршени надзоризаклучно со м. септември, 2024 г. – вкупно 89 изречените управно – надзорни мерки (забелешка: заклучно со м. октомври, 2024 г.се планира да бидат извршени вкупно 9 инспекциски надзор).

**Забелешка: Детален план на минимални квантитативни цели за 2025 г., се прикажани во следниов табеларен преглед:

| **Ред. бр.** | **Закон/подзаконски акти, кои ќе бидат предмет на инспекцискиот надзор** | **Број на инспекциски надзори** | **Број на очекувани откриени неправилности по ризични подрачја во 2025 г.** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Решенија со наредба/ опомена, постапки за порамнувања, со издавање прекршочен платен налог** | **Прекрш. барања/ кривични пријави** |
| 1. | **Закон за културата-национални установи, како субјекти на надзорот** | **-7 редовни надзори (Q 5)<br>-5 контролни надзори (Q 4)<br>-13 вонредни надзори (Q 4)<br>Вкупно: 25** | **5** | / |
| 2. | **Закон за културата-други правни и физички лица, како корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ** | **-25 вонредни надзори (Q 3)<br>-10 контролни надзори (Q 2)<br>Вкупно:35** | **10** | / |
| 3. | **Други посебни прописи (Закон за издавачката дејност-вкупно 10 и Закон за музеите-вкупно 5)** | **-15 редовни надзори (Q 3 и 4)<br>-5 контролни надзори (Q 2 и 3)<br>Вкупно: 20** | **5** | / |
| | | **Вкупно: 80надзори** | **Вкупно: 20** | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **(од кои 22 редовни, 20 контролни и 38 вонредни надзори)** | **неправилности** | |

**Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за културата во национални установи од областа на културата, се прикажани во следниов табеларен преглед:**

| **Р. бр.** | **Назив на субјектот на инспекциски надзор** | **Степен на ризик** |
|---|---|---|
| 1. | ***НУ –НАЦИОНАЛНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” – СКОПЈЕ (општина Центар)** | висок степен на ризик |
| 2. | ***НУ –АЛБАНСКИ ТЕАТАР – СКОПЈЕ (општина Чаир)** | висок степен на ризик |
| 3. | ***НУ – ДРАМСКИ ТЕАТАР– СКОПЈЕ (општина Карпош)** | среден степен на ризик |
| 4. | ***НУ–МУЗЕЈ – ГЕВГЕЛИЈА** | среден степен на ризик |
| 5. | ***НУ–ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” – СТРУГА** | среден степен на ризик |
| 6. | ***НУ–ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ИЉО АНТЕВСКИ СМОК” – ТЕТОВО** | висок степен на ризик |
| 7. | ***НУ-ТЕАТАР КОМЕДИЈА, Скопје (општина Центар)** | висок степен на ризик |

*Пренесени од Годишниот план за работа, на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 година, коишто не беа реализирани, односно до крајот на 2024 г., нема да бидат реализирани поради издадени (и најавени) наредби од страна на министерот за култура и туризам (приоритетни), за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културата на целата територија од Републиката (или кај дел од предвидените национални установи, но како субјекти на вонреден надзор), исклучиво од аспект на примена на Законот за културата – со коефициент на сложеност 4 (забелешка: во периодот од м. јули до м. септември, 2024 г., издадени се вкупно 12 наредби).

**Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за музеите, во национални установи, се прикажани во следниов табеларен преглед:**

| **Р.бр.** | **Назив на субјектот на инсп. надзор** | **Степен на ризик** |
|---|---|---|
| 1. | ***НУ-Музеј на македонската борба за самостојност, Скопје (општина Центар)** | среден степен на ризик |
| 2. | ***НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола** | висок степен на ризик |
| 3. | **НУ-Музеј на РСМ, Скопје (општинаЧаир)** | среден степен на ризик |
| 4. | **НУ-Музеј - Куманово** | среден степен на ризик |
| 5. | **НУ-Археолошки музеј на РСМ-Скопје** | висок степен на ризик |

| | | |
|---|---|---|
| | **(општина Центар)** | |

*Пренесени од Годишниот план за работа, на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 година, коишто не беа реализирани,односно до крајот на 2024 г., нема да бидат реализирани поради издадени и најавени наредби од страна на министерот за култура и туризам (приоритетни), за вршење вонредни инспекциски надзори, кај други национални установи од областа на културата на целата територија од Републиката (или кај предвидената национална установа од Битола, но како субјект на вонреден надзор), но исклучиво од аспект на примена на Законот за културата – со коефициент на сложеност 4 (во периодот од м. јули до м. септември, 2024 г., издадени се вкупно 12 наредби).

**Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на одредбите од Законот за издавачката дејност, се прикажани во следниов табеларен преглед:**

| Р.бр. | Назив на субјектот на инспекциски надзор | Степен на ризик |
|---|---|---|
| 1. | **„Култура“ АД –Скопје (ул. „Даме Груев“ бр. 3, Скопје) општина центар** | **среден степен на ризик** |
| 2. | **Лума График Тетово (ул.Браќа Миладиновци бр.1220, Тетово)** | **среден степен на ризик** |
| 3. | **Издавачка куќа „АНТОЛОГ“-Скопје (ул.Ѓорги Пулевски бр.29 лок 1) општина центар** | **среден степен на ризик** |
| 4. | **Издавачки центар „ТРИ“-Скопје (ул. „Орце Николов“ бр. 93/1, Скопје) општина центар** | **среден степен на ризик** |
| 5. | **Вока - 4, (ул.М,Бафтијари бр.84, Тетово** | **среден степен на ризик** |
| 6. | **ИД-КОНЦЕПТ КОНСАЛТИНГ И ДИЗАЈН, Скопје (ул. Христо Смирненски“ бр. 48, 1/20, Скопје) општина центар** | **среден степен на ризик** |
| 7. | **Издавачка куќа „ХАРТ БУКС ПУБЛИШЕР“, Скопје (бул.Јане Сандански бр.110/5-3, Скопје) општина аеродром** | **среден степен на ризик** |
| 8. | **Издавачка куќа МАРТИНА, Скопје, (ул.Хо Ши Мин бр.235 б, Скопје) општина бутел** | **среден степен на ризик** |
| 9. | **Издавачка куќа СЛОВО, Скопје (ул.народен фронт бр.11/45, Скопје) општина центар** | **среден степен на ризик** |
| 10. | **Издавачка куќа АРС СТУДИО, Скопје (ул.Максим горки бр.21, Скопје) општина центар** | **среден степен на ризик** |

Забелешка:според Методологијата кај новоснованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година), како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор (кај избраните субјекти повеќе од три години и неиздадени прекршочни платни налози), како претпоставка се проценува среден степен на ризик.

**Обука на инспекторите и административните службеници**
Согласно со член 50 став (1) од Законот за инспекциски надзор, а врз основа на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година бр. 02-579/1 од 20.06.2024 г., на Инспекцискиот совет – Скопје, донесени се Годишната програма за специјализирана обука на инспекторите за култура бр. 57-8163/1 од 10.09.2024 г. и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за култура бр. 57-8163/2 од 12.09.2024 година.

Така, за инспекторите за култура (главен инспектор, двајца виши инспектори, еден советник инспектор и еден помошник инспектор за култура), за 2025 г. планирани се најмалку 3 (три) генерички обуки од Годишната програма за генерички обуки за 2025г., донесена од Инспекцискиот совет и тоа на следните теми:Канцелариско работење, архивско работење - Уредба за канцелариско и архивско работење (тема 1.5.), Спречување на корупција (тема 1.13.), иПријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка (тема 1.16.).

**Буџет и финансирање**
Секторот за управен и инспекцикси надзор, како организациона единица во рамките на Министерството за култура и туризам, задолжена за вршење инспекциски надзор над примената на законите и другите подзаконски прописи од областа на културата (вкупно 7 закони), нема сопствен буџет, туку платите и другите расходи ќе се намируваат од средствата од Буџетот на РСМ за 2025 г., наменети за работата на Министерството за култура и туризам, при што потребните средства (расходи) за инспекторите, ќе бидат планираниво рамките на Буџетот на Министерството за култура и туризам за 2025 г. и истите се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Вид на расход | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Бруто плати за 5 (пет) инспектори | 5.013.500 |
| 2. | Гориво за службено возило | 50.000 * |
| 3. | Патарини | 6.000 * |
| | **Вкупно:** | **5.310.909 денари** |

Инспекциската служба има и други трошоци во работењето, но со оглед дека Секторот, функционира како организациска единица во рамки на Министерството за култура и туризам, другите расходи при работењето, не може да се изразат на ниво на сектор, поединечно, прецизно и во точни износи.Расходите за дневници не се предвидени имајќи предвид дека истите не се предвидени, ниту со Законот за извршување на Буџетот за 2025 година.Надомест за хонорар за едно лице ангажирано со договор за дело, не е пресметан за 2025 г. со оглед на тоа што на 28.06.2024 г., од страна на Министерството, еднострано е раскинат Договорот за дело, склучен со надворешен соработник - ангажиран за извршување на работнтие задачи во инспекциската служба (заклучно со м. септември, 2024 г., Министерството нема ангажирано друго лице.

*Расходите за гориво за службено возило и патарини се пресметани врз основа на просек од трошоците направенизаклучно со м. октомври 2024 година, зголемени за процент на зголемување на цени на гориво, како и зголемување на износот за патарините, поради дополнителните наплатни пунктови (кон Штип и Гевгелија).

## Меѓународна соработка

За 2025 година, во рамките на надлежностите на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам, не се планирани активности/проекти во областа на меѓународна соработка (усогласувања со директивите на ЕУ и слично).

## Други активности на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура во 2025 година

Со цел обезбедување на соодветна поддршка за навремена реализација на Планот за работа за 2025 година и зголемување на ефикасноста на инспекцискиот надзор на целата територија на РСМ, во инспекциската служба на МКТ покрај претходнитеунапредувања на дел од постојниот кадар, вработените во Секторот, исто како и за периодот од 2020 од 2024 г., имаат потреба од соодветни обуки, особено од аспект на примена на процедуралните прописи (ЗОУП, ЗП, ЗОУП), набавка на нова техничка опрема (лаптоп, скенер и принтери), како и уште едно ново возило (забелешка: поради дотраеноста на службеното моторно возило, што го користат инспекторите за култура, во текот на годината возилото, во просек се сервисира од два до три пати).

Раководител на Сектор,

Сабина Синан

Доставено до: Инспекциски совет на РСМ, Скопје